На 21 декември 2016 година, досегашните членови на Советот на МЦМС го избраа новиот состав на Советот чиј мандат ќе биде од 2016 до 2020 година.

фотографијата е од архива на МЦМС (2014 година)

Советот е највисок орган на општо управување и надзор на МЦМС, а неговите членови се избираат од редот на граѓанските организации, црквите и верските заедници, институциите за истражување и развој, медиумите, приватниот сектор, локалната самоуправа и меѓународните организации.

Новиот состав на Советот го сочинуваат: **Елена Кочоска** (Полио плус), **Никица Кусиникова**
(Конект),
Самет Скендери
(Иницијатива за социјални промени - ИнСоК),
Герман Филков
(Центар за граѓански комуникации),
Лулзим Хазири
(Асоцијација за демократски иницијатив - Гостивар),
Марија Ацковски
(Евангелско-методистичка црква),
Ирсал Јакупи
(Исламска верска заедница),
Бобан Митевски
(Македонска православна црква),
Ризван Сулејмани
(предлог на два члена на Управниот одбор на МЦМС),
Марко Трошановски

(Институт за демократија - ИДСЦС),
Сања Васиќ
(Македонски институт за медиуми - МИМ),
Назим Рашиди
(Диверзити медиа),
Драган Секуловски
(Здружение на новинарите на Македонија - ЗНМ),
Александар Зарков
(Сојуз на стопански комори на Македонија),
Сашо Клековски
(предлог на два члена на Управниот одбор на МЦМС),
Виктор Арнаудоски
(Заедница на единиците на локалната самоуправа - ЗЕЛС),
Тони Затковски
(општина Кривогаштани),
Ванчо Стојанов
(општина Василево),
Соња Стефановска-Трајаноска
(УНДП).

МЦМС им се заблагодари на досегашните членови на Советот за нивниот придонес во развојот на организацијата во претходните години. Посебна благодарност беше упатена до: Африм Тахири, Бехиџудин Шехапи, Беким Имери, Бјанка Суботиќ, Душица Перишиќ, Габриела Мицевска, Ганка Цветанова, Горан Михајловски, Лилјана Алчева, Ратко Лазаревски, Славко Велевски, Владимир Мисев и Звонко Шаврески чие членство заврши. На новите членови, МЦМС им посака успешна работа.